# ЗАКОН ЗА
# ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

**"Сл. весник на Р Македонија" бр.68/04 од 05.10.2004 година**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот за вршење превоз на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.

### Член 2

Превозот на патници и стоки во меѓународниот патен сообраќај се врши согласно со овој закон и меѓународни договори и спогодби што ги ратификувала Република Македонија.

Ако со одделни држави не е склучен договор или спогодба од ставот 1 на овој член, превозот меѓу тие држави и Република Македонија се врши во согласност со овој закон и мултилатералните меѓународни договори ратификувани од Република Македонија почитувајќи го принципот на реципроцитет.

### Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Јавен превоз** на патници и стока е превоз кој под еднакви услови им е достапен на сите корисници;
2. **Превоз во внатрешен патен сообраќај** е секој патен превоз на територија на Република Македонија;
3. **Превоз во меѓународен патен сообраќај** е секој патен превоз преку најмалку една државна граница;
4. **Лиценца** е документ со кој се одобрува вршење на дејност јавен превоз во патниот сообраќај;
5. **Превоз за сопствени потреби** е превоз кој физичко или правно лице го врши за задоволување на потребите при вршење на својата дејност, односно задачи од својот делокруг;
6. **Домашен превозник** е правно или физичко лице со седиште во Република Македонија кое поседува лиценца за вршење на превоз на патници или стоки во внатрешниот или меѓународниот патен сообраќај и правно или физичко лице со седиште во Република Македонија кое врши превоз на патници или стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај за кои согласно со одредбите од овој закон не е потребна лиценца;
7. **Странски превозник** е странско правно или физичко лице кое врши превоз на патници или стоки во меѓународниот патен сообраќај и чие седиште е надвор од границите на Република Македонија;
8. **Меѓународен договор** е секоја меѓународна мултилатерална или билатерална спогодба со кои се уредува меѓународниот превоз и кој ја

обврзува Република Македонија;
9. **Билатерален превоз на патници и стоки** е меѓународен превоз при кој патниците и стоките се превезуваат меѓу територијата на Република Македонија и територијата на некоја друга држава;
10. **Транзитен превоз на патници и стоки** е меѓународен превоз при кој патниците и стоките се превезуваат преку територијата на одредена држава без притоа да се истовараат или товараат на територијата на таа држава;
11. **Превоз на стоки за и од трета земја** е меѓународен превоз што го врши превозник кој нема седиште во земјата во која започнува, односно завршува превозот;
12. **Каботажа** е секој превоз на патници или стоки меѓу две места во Република Македонија извршен од страна на странски превозник;
13. **Вонреден превоз** е превоз на стока кај кој димензиите на возилото или возилото заедно со стоката на него или вкупната маса на возилото или негово осно оптоварување се поголеми од пропишаните;
14. **Линија** е одредена релација и правец на возење од почетната до крајната автобуска станица или стојалиште на која се превезуваат патници во линискиот патен превоз, согласно со однапред утврден, регистриран и објавен возен ред и цена на превозот;
15. **Релација** е оддалеченост меѓу било кои две места на линијата, наведени во возниот ред како станица или постојка;
16. **Возен ред** е документ со кој се утврдува линијата, видот на превозот, релациите на кои се врши превозот, редоследот на станиците и постојките, нивната оддалеченост од почетната станица или постојка, времето на пристигнување, застанување и заминување на секоја автобуска станица и постојка, периодот во кој превозникот го врши превозот на линијата и времето на важење;
17. **Меѓународен линиски превоз на патници** е превоз на определена линија кај која првата станица или постојка се наоѓа на територијата на Република Македонија, а последната на територијата на странска земја, како и превоз на определена линија која транзитира преку странска земја при што последната станица или постојка е на територијата на Република Македонија;
18. **Меѓуопштински линиски превоз на патници** е јавен превоз што се врши на линии меѓу две или повеќе општини, односно меѓу градот Скопје и определена општина;
19. **Општински превоз на патници** е јавен превоз кој се врши на подрачјето на една општина, односно градот Скопје;
20. **Слободен превоз на патници** во внатрешниот и меѓународниот сообраќај е превоз за кој релацијата и другите услови се утврдуваат посебно за секој превоз меѓу превозникот и корисникот на услугата;
21. **Авто- такси превоз на патници** е превоз што се врши со патнички возила со најмногу пет седишта сметајќи го и седиштето на возачот;
22. **Итинерер** означува одреден правец на движење на превозното средство на определена линија;
23. **Патнички превоз** е превоз на патници кај кој патниците согласно возниот ред влегуваат и излегуваат на сите автобуски станици и постојки;
24. **Брз превоз** е превоз на патници кај кој патниците согласно со возниот

ред влегуваат и излегуваат на автобуски станици;
25. **Директен превоз** е превоз на патници кај кој патниците согласно со возниот ред влегуваат само на почетната и излегуваат само на крајната автобуска станица;
26. **Автобуска станица** е простор одреден за прием и испраќање на автобуси и патници кој треба да има покриени перони, уредени за безбедно влегување и излегување на патниците, простории за задржување на патниците и на возниот персонал, за чување на багажот, санитарии, сообраќајно биро и со посебни прописи утврдена опрема;
27. **Автобуско стојалиште** е простор одреден за застанување на автобуси согласно со возниот ред и за безбедно влегување, односно излегување на патниците;
28. **Автобуски терминал** е уреден простор наменет за трансфер на патниците во општинскиот превоз на патниците и служи за свртување на возилата заради промена на насоката на движење;
29. **Автобуско свртувалиште** е уреден простор на крајните точки (термикус) во општинскиот линиски превоз наменет за качување и слегување на патниците и служи за свртување на возилата заради промена на насоката на движење;
30. **Паркинг за товарни возила, односно автобуси** е уреден простор за паркирање кој исполнува минимални безбедносни и хигиенски услови;
31. **Станица за товарни возила** е уреден простор со соодветни објекти за паркирање или гаражирање на товарни возила;
32. **Такси станица** е уреден простор наменет за паркирање на патнички такси возила кои чекаат позив на превоз;
33. **Странско возило** е возило со кое се врши превоз во патниот сообраќај, кое не е регистрирано во Република Македонија;
34. **Домашно возило** е возило со кое се врши превоз во патниот сообраќај и е регистрирано на територијата на Република Македонија;
35. **Дозвола за превоз** е заедничко име за повеќе видови документи утврдени со овој закон или меѓународен договор, со кој на возилото со странска регистрација му се дозволува пристап на македонските патишта и возење по нив, односно на возило со македонска регистрација пристап на патиштата на земјата чиј орган ја издал дозволата и возење по нив;
36. **ЦЕМТ дозвола** е годишна мултилатерална дозвола за меѓународен превоз на стока издадена од Секретаријатот на Европската конференција на министрите за транспорт;
37. **Патен лист** е образец кој го користи превозник при вршење на јавен превоз на патници во слободен меѓународен превоз на патници;
38. **Меѓународен товарен лист** е документ во кој се содржани податоци за видот на превозот, фирмата, односно името и седиштето на превозникот, името и презимето на возачот, главните податоци за правецот на возење и регистарски број на возилото, а се употребува во меѓународниот патен сообраќај и
39. **Патен налог** е документ кој содржи податоци за видот на превозот, фирмата, односно името и седиштето на превозникот, името и презимето на возачот, главните податоци за правецот на возење, регистарски број на возилото, состојба на броилото на почетокот и на крајот на возењето и

потпис на овластеното лице кое го издало налогот.

## II. УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕВОЗ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

### Член 4

Домашен превозник може да врши превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај врз основа на лиценца.

Лиценцата за вршење на превоз на патници и стока во меѓународниот патен сообраќај се издава и на еден од светските јазици.

Трошоците настанати во врска со издавање на лиценците и другата потребна документација за вршење на превоз во патниот сообраќај ги сноси превозникот.

### Член 5

Превозот во патниот сообраќај се врши со моторни и приклучни возила што ги исполнуваат условите утврдени со прописите за безбедноста на сообраќајот на патиштата и посебните техничко- експлоатациони услови пропишани за одделните видови на превоз.

Посебните техничко- експлоатациони услови за возилата за одделни видови на превоз ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Потврдата за исполнување на посебни техничко- експлоатациони услови за возилата со кои се вршат одделни видови превоз во патниот сообраќај ја издава станица за технички преглед или друга специјализирана институција овластена од министерот за транспорт и врски.

### Член 6

При вршењето на превоз на патници и стока во внатрешниот патен сообраќај превозникот во возилото мора да има патен налог.

Одредбите од ставот 1 на овој член не се однесуваат на автотакси превозот.

За издадените патни налози превозникот задолжително води евиденција и истите е должен да ги чува најмалку една година.

Формата и содржината на патниот налог ја пропишува министерот за транспорт и врски.

### Член 7

За вршење на одделни видови на јавен превоз во патен сообраќај се издаваат следниве видови лиценци:

1) во внатрешниот патен сообраќај за:

- општински линиски превоз на патници, односно за линиски превоз на патници за градот Скопје,
- меѓуопштински линиски превоз на патници,
- слободен превоз на патници,
- превоз на патници за сопствени потреби,
- авто- такси превоз на патници,
- јавен превоз на стоки и
- превоз на стоки за сопствени потреби.

2) во меѓународниот патен сообраќај за:

- меѓународен линиски превоз на патници,
- меѓународен слободен превоз на патници,
- меѓународен превозна патници за сопствени потреби,
- меѓународен јавен превоз на стоки и
- меѓународен превоз на стоки за сопствени потреби.

Лиценца од ставот 1 од овој член не е потребна ако станува збор за вршење на превоз со возила наменети за потребите на јавната безбедност, одбраната и потребите на државните органи, за превоз со поштенски возила или на возила за интервенции, за медицински и хуманитарен превоз, за превоз за сопствени потреби кој правни и физички лица го вршат со возила чија најголема носивост не надминува 3.500 кг и за превоз со специјални возила кои дополнително се адаптирани за посебна намена и со нив не може да се врши превоз како со стандардните возила и служат за превоз за сопствени потреби.

Формата и содржината на лиценците од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

### Член 8

Лиценца може да добие домашно правно или физичко лице (во натамошниот текст: превозник), ако ги исполнува следниве услови:

1) да е впишано во трговскиот регистар за вршењето на превоз во патниот сообраќај и да има решение за вршење на претежна дејност за одделен вид на превоз освен лиценци за сопствени потреби;

2) да е сопственик на едно или повеќе возила за одделни видови превози што ги исполнуваат посебните техничко- експлоатациони услови пропишани за возила за вршење на одделни видови на превоз, а за меѓународен линиски превоз на патници да е сопственик на најмалку две возила;

3) да има вработено возачи во зависност од бројот на моторните возила (автобуси, моторни товарни возила и друго) што ги исполнуваат условите предвидени со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата;

4) да има вработено авто- такси возачи;

5) во возилото за вршење на авто- такси превоз на патници да има вградено фискален апарат;

6) управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има успешно поминато проверка за професионална компетентност;

7) да располага со сопствен капитал од најмалку 2.000 ЕВРА во денарска противвредност по возило или 50 ЕВРА во денарска противвредност по тон на најголема дозволена маса на товарно возило односно по седиште во автобус;

8) да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај;

9) да има во сопственост капацитет за паркирање и одржување на возилата или доказ за користење на таков капацитет со рок на важење од најмалку четири години;

10) во возилата за вршење на општински линиски превоз на патници да има вградено фискален апарат и

11) да има вработено возачи кои имаат сертификат за вршење на меѓународен превоз на патници и стока.

Одредбите од ставот 1 точка 7 на овој член не се однесуваат за добивање на лиценца за вршење на превоз во внатрешниот патен сообраќај.
Програмата за проверка на професионалната компетентност на управителот или овластеното лице одговорно за превоз ја пропишува министерот за транспорт и врски.
Од полагање на испит за професионална компетентност се ослободуваат лицата кои поседуваат доказ за практично искуство од најмалку пет години во транспортот на ниво на управување.
Проверката за професионалната компетентност се врши пред комисија формирана од министерот за транспорт и врски.
Програмата за проверка на возачите за добивање на сертификат за учество во меѓународниот превоз на патници и стока ја пропишува министерот за транспорт и врски.
Проверката се врши пред комисија формирана од министерот за транспорт и врски.
Начинот и постапката за добивање и одземање на лиценца за одделни видови на превоз ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член 9**

Лиценците предвидени со членот 7 од овој закон ги издава Министерството за транспорт и врски, освен лиценците за општински превоз и авто- такси превоз на патници кои ги издава градоначалникот на општината, а за градот Скопје градоначалникот на градот Скопје.
Лиценците се издаваат со период на важење од четири години.

**Член 10**

Превозникот поднесува барање за добивање на лиценца до Министерството за транспорт и врски или до градоначалникот на општината или до градоначалникот на градот Скопје, со точно наведување на видот на превозот за кој сака да добие лиценца и писмени докази за исполнување на условите пропишани со овој закон.
Органот од ставот 1 на овој член ја издава лиценцата најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на комплетното барање за издавање на лиценца.
Против решението на Министерството за транспорт и врски со кое барањето за издавање на лиценца се одбива може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на сообраќајот.
Против решението на градоначалникот на општината или против решението на градоначалникот на градот Скопје со кое се одбива барањето за издавање на лиценца може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

**Член 11**

Превозникот може да започне да врши превоз на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај откако ќе добие лиценца.

Лиценцата се издава на име на превозникот и не може да се пренесе на друг превозник.

**Член 12**

Органот надлежен за издавање на лиценци на превозникот со решение ќе му ја одземе лиценцата ако утврди дека тој повеќе не ги исполнува условите за добивање на лиценца или дека превозот го врши во спротивност со издадената лиценца. Со решението за одземање на лиценцата издавачот на лиценцата го повикува превозникот во рок од осум дена од денот на приемот на решението да му ја врати лиценцата. Издавачот на лиценца веднаш ги известува надлежните инспекциски служби за одземање на лиценцата.

Против решението од ставот 1 на овој член на Министерството за транспорт и врски може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на сообраќајот.

Против решението од ставот 1 на овој член на градоначалникот на општината или на градоначалникот на градот Скопје за одземање на лиценцата може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

## III. ЕВИДЕНЦИЈА

**Член 13**

Министерството за транспорт и врски е должно да води евиденција за превозници и моторни возила регистрирани за превоз на патници и стоки во патниот сообраќај во зависност од видот на превозот.

Евиденцијата од ставот 1 на овој член може да се води како централна информативна база, врз основа на податоците кои ги обезбедуваат и користат Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за внатрешни работи, надлежниот првостепен суд и Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

**Член 14**

Евиденцијата од членот 13 на овој закон се дели на евиденција на меѓународни и евиденција на внатрешни превозници.

Министерството за транспорт и врски е должно да прибира, обработува, чува, посредува и користи податоци потребни за издавање на лиценци за вршење на одделни видови превози во патниот сообраќај и регистрација на автобуски возни редови, како и податоци потребни за распределба на дозволи за превоз на патници и стоки.

Евиденцијата ги опфаќа следниве податоци:

- матичен број, даночен број, назив и седиште на превозникот,
- име и презиме на одговорното лице за превоз,
- број и важност на издадената лиценца, вид на превози за кои

лиценцата е издадена, марка, тип и регистарски број и други податоци за возилата за кои е издадена лиценцата,
- име и презиме, единствен матичен број (ЕМБ) и образование на вработените возачи,
- дали е во сила правосилна судска одлука за кривични дела против имотот, стопанството или безбедноста во сообраќајот,
- податоци за намирени обврски по основ на јавни давачки и
- изречени мерки против превозници врз основа на овој закон, односно на меѓународни договори.
Податоците од ставот 3 на овој член можат да се прибираат и од евиденциите на Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, надлежниот првостепен суд и на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. При прибирање на податоците за превозникот од веќе постојните збирки на податоци, Министерството за транспорт и врски не е должно да го извести превозникот за кој податоците се однесуваат.
Органите, организациите и поединците кои располагаат со податоците, односно збирките на податоците од ставот 3 на овој член, се должни по претходно барање овие податоци да му ги достават на Министерството за транспорт и врски.
За обезбедување на достапноста на податоците од овој член Министерството за транспорт и врски може да воспостави непосредна компјутерска врска со сите наведени органи и организации кои водат такви податоци или збирки на податоци.

**Член 15**

Податоците од членот 14 на овој закон се водат за цело време додека превозникот е впишан во евиденцијата на превозниците.
Податоците се чуваат уште пет години од денот кога превозникот е избришан од евиденцијата на превозниците.
Податоците од членот 14 на овој закон можат да се даваат на други државни органи, ако тие тоа го бараат и ако нивното барање е поврзано исклучиво со превозничката дејност со која се занимаваат превозниците.

**Член 16**

Министерството за транспорт и врски ќе го брише превозникот од евиденцијата на превозници ако:
- на превозникот му престане важноста на лиценцата за вршење на превоз во патниот сообраќај и тоа од денот на престанокот на важноста на лиценцата и
- превозникот е избришан од трговскиот регистар и тоа од денот на бришењето.

## IV. ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

**Член 17**

Превозот на патници во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај може да се врши како линиски и слободен превоз на патници.
Линискиот превоз на патници може да се врши како општински, меѓуопштински, меѓународен и посебен линиски превоз.

### 1. ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

#### 1.1. Општински линиски превоз на патници

**Член 18**

Општински линиски превоз на патници можат да вршат превозници кои ќе добијат лиценца за вршење на таков вид превоз.

**Член 19**

Општински линиски превоз на патници се врши врз основа на дозвола за определена линија што ја издава градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје.
Превозник кој има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз, откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај градоначалникот на општината, односно градоначалникот на градот Скопје.
Дозволата и возниот ред од ставот 2 на овој член се издаваат со рок на важење од четири години.

**Член 20**

При вршење на општински линиски превоз на патници превозникот е должен во возилото да има лиценца, дозвола и регистриран возен ред во оригинал.
Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата.

**Член 21**

Качување и слегување на патници во општински линиски превоз се врши на автобуските стојалишта согласно со утврдениот и регистриран возен ред.
Автобусите на предната и бочната десна страна на видно место треба да го содржат бројот на линијата, почетното и крајното стојалиште.

**Член 22**

Советот на општината освен советите на општините од градот Скопје го уредуваат општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општината, а линискиот превоз на патници на подрачјето на сите општини на градот Скопје го уредува Советот на градот Скопје, при што особено утврдуваат:

- единствена мрежа на линии,
- единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување,
- начин на организирање на контролата на сообраќајот на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа,
- тарифен систем и систем на наплата,
- локација на автобуските терминали, свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена,
- изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта,
- одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта (8+1) и
- критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и распределувањето на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

**Член 23**

Две или повеќе соседни општини можат да формираат заедничка јавна служба за заедничко организирање и вршење на општинскиот линиски превоз на патници.

### 1.2. Меѓуопштински линиски превоз на патници

**Член 24**

Меѓуопштинскиот линиски превоз на патници се врши на одредена линија по однапред утврден возен ред, утврдена и објавена цена и други услови на превозот.
Меѓуопштинскиот линиски превоз на патници може да се врши како патнички, директен и брз.

**Член 25**

Превозник може да врши меѓуопштински линиски превоз на патници врз основа на дозвола што ја издава Министерството за транспорт и врски.
Дозволата од ставот 1 на овој член се издава со рок на важење од четири години.
Дозволата од ставот 1 на овој член може да ја користи само превозник на кој што му е издадена.
Дозволата за вршење на меѓуопштински линиски превоз содржи: назив на линијата, назив и седиште на превозникот, како и рок на важење.
Составен дел на дозволата е и одобрениот возен ред за линијата регистриран во Министерството за транспорт и врски.

**Член 26**

За издадените дозволи се води евиденција.
Евиденцијата на издадените дозволи ја води Министерството за транспорт и врски.

Министерството е должно да ги известува автобуските станици за издадените дозволи и за секоја извршена промена.
Превозникот е должен да го извршува меѓуопштинскиот линиски превоз на линијата во согласност со издадената дозвола и заверениот возен ред.
За време на вршењето на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници во возилото мора да се наоѓа дозволата и заверен возен ред во оригинал.

**Член 27**

Превозникот самостојно ја утврдува цената на превозот.
Превозникот е должен да го достави ценовникот до автобуските станици што ги користи согласно со утврдениот возен ред.
Превозникот е должен преку средствата за јавно информирање да го објави започнувањето на меѓуопштинскиот линиски превоз според возниот ред.

**Член 28**

Возниот ред и правецот на движење (итинерер) не можат да се менуваат пред истекот на важење на дозволата.
По исклучок, возниот ред и правецот на движење (итинерарот) можат да се изменат ако е тоа потребно заради промени кои настанале поради виша сила, ако тие промени се предизвикани поради реконструкција и пуштање во сообраќај на нови патишта или поради други вонредни настани.

**Член 29**

За време на важење на дозволата превозот може привремено да се запре, ако настанат и додека траат причините кои превозникот не можел да ги предвиди и чии последици не можел да ги отстрани (виша сила).
Привременото запирање од ставот 1 на овој член превозникот е должен да го пријави до Министерството за транспорт и врски, веднаш по настанувањето на причините кои го предизвикале.

**Член 30**

Ако превозникот не може да го врши меѓуопштинскиот линиски превоз на патници, за кој има добиено дозвола, должен е до Министерството за транспорт и врски да поднесе барање за одобрување за привремен прекин или за трајно запирање на превозот.
Превозот може привремено да се прекине најдолго за период од шест месеца или трајно да се запре врз основа на решение на министерот за транспорт и врски.
Со донесувањето на решението за трајно запирање на превозот на патници на одредена линија, се врши и бришење на возниот ред од евиденцијата на регистрирани возни редови.

**Член 31**

Превозникот е должен привремениот прекин или трајното запирање на превозот и измената на возниот ред на определена линија да го објави во

средствата за јавно информирање и во автобуските станици, кои се наоѓаат во возниот ред.

**Член 32**

Превозникот не може на одредена линија за која има дозвола да го запре превозот од неоправдани причини и без одобрение на министерот за транспорт и врски.

Ако превозникот од неоправдани причини не го врши меѓуопштинскиот линиски превоз на определена линија повеќе од седум дена непрекинато или со прекини во период од два месеца во текот на годината, министерот за транспорт и врски ќе донесе решение за одземање на дозволата.

Против решението од ставот 2 на овој член може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на сообраќајот.

**Член 33**

Превозникот мора да продава возни билети на организирани места за продавање како што се автобуски станици, агенции и претставништва.

По исклучок од ставот 1 на овој член превозникот може да продава возни билети и во автобусот, таму каде што нема организирани места за продажба.

Превозникот, автобуската станица, агенцијата и претставништвото можат да продаваат возни билети само за одобрените линии во согласност со одобрениот возен ред и цената.

Превозникот може на целата линија да врши превоз и со повеќе возила.

**Член 34**

Во меѓуопштинскиот линиски превоз на патници, качување и слегување на патниците, односно товарање и истоварање на багаж, може да се врши само на автобуски станици и автобуски стојалишта што се внесени во дозволата и возниот ред за линијата.

Во местата каде што постојат автобуски станици, превозникот кој има дозвола за вршење на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници, качување и слегување на патниците може да врши само на тие автобуски станици.

**Член 35**

Превозникот е должен да застане на автобуската станица, односно автобуското стојалиште во согласност со дозволата и возниот ред за линијата, условите на станицата и прописите за безбедност.

## 1.3. Меѓународен линиски превоз на патници

**Член 36**

Меѓународен линиски превоз на патници меѓу Република Македонија и друга држава (билатерален) и транзитен превоз преку територијата на Република Македонија се воспоставува во согласност со меѓународните договори, а врз основа на претходна согласност на министерствата надлежни за транспорт на државите низ кои линијата поминува.

Превозот од ставот 1 на овој член се врши врз основа на дозвола што ја издава Министерството за транспорт и врски.

**Член 37**

Дозволата од членот 36 став 2 на овој закон се издава на барање на заинтересиран домашен или странски превозник.

Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува до Министерството за транспорт и врски. Кон барањето превозникот е должен да приложи возен ред, итинерер, ценовник, договор склучен со странски превозник и други прилози предвидени со меѓународен договор.

Странскиот превозник барањето за издавање на дозвола го поднесува преку надлежниот орган на државата во која возилото е регистрирано.

**Член 38**

Меѓународниот линиски превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај мора да се врши во согласност со возниот ред, итинерарот и ценовникот што ги завериле министерствата за транспорт каде што се седиштата на превозниците.

Дозволата, возниот ред, итинерарот и ценовникот во оригинал мора да се наоѓаат во возилото со кое се врши превозот.

**Член 39**

Странски превозник не може да врши каботажа во меѓународниот линиски превоз на патници, доколку со меѓународна спогодба поинаку не е определено.

**Член 40**

Странски превозник може да врши линиски превоз на патници во транзит преку територијата на Република Македонија само врз основа на дозвола што ја издава Министерството за транспорт и врски.

Со дозволата за транзит не може да се дозволи качување и слегување на патници на територијата на Република Македонија доколку со меѓународната спогодба поинаку не е определено.

**Член 41**

Домашниот превозник на одобрената меѓународна линија мора да извршува најмалку половина од вкупниот број на одобрените превози.

Ако домашниот превозник извршува превоз спротивно од ставот 1 на овој член, министерот за транспорт и врски ќе донесе решение со кое на домашниот превозник ќе му ја одземе дозволата и ќе побара од странскиот превозник со посредство на надлежниот орган да склучи договор за соработка во меѓународниот превоз со друг македонски превозник.

Домашниот превозник е должен до Министерството за транспорт и врски за секое тримесечје да доставува извештај за бројот на извршените превози и превезени патници во едната и другата насока, најдоцна во рок од 15 дена од денот на истекот на тримесечјето за кое се поднесува извештајот. Како доказ за извршените превози и превезени патници се приложува фотокопија од дописот за продадени возни билети од двете

насоки на превозот заверени од надлежните царински служби на граничниот премин.

**Член 42**

Одредбите од членовите 24 до 35 на овој закон што се однесуваат на меѓуопштинскиот линиски превоз на патници се однесуваат и на меѓународниот линиски превоз на патници, доколку со меѓународна спогодба поинаку не е определено.

Министерот за транспорт и врски ги пропишува начинот и постапката за добивање и одземање на дозволата, образецот на дозволата, како и критериумите и начин на утврдување и одобрување на возниот ред во меѓуопштинскиот и меѓународниот линиски превоз на патници.

Постапката за одобрување на возните редови во меѓуопштинскиот и меѓународниот линиски превоз на патници ја спроведува комисија формирана од министерот за транспорт и врски.

Комисијата се состои од претседател и два члена. Членовите и претседателот на Комисијата се именуваат за период од четири години.

## 1.4. Посебен линиски превоз на патници

**Член 43**

Посебен линиски превоз е превоз на одреден вид патници со исклучување на другите патници ако таквиот превоз се врши по утврден возен ред и на определена релација за: превоз на работници до местото на работа и назад до местото на живеење или превоз на ученици до училиште и назад до местото на живеење, превоз на корисници до аеродром и назад и слично.

Возниот ред го утврдува превозникот и го прилагодува на потребите на нарачувачот на превозот (корисникот на превозот).

Патниците во текот на патувањето можат да се качуваат и симнуваат од автобусот само на одобрени стојалишта.

**Член 44**

Дозволата за посебен линиски превоз на патници ја издава градоначалникот на општината ако превозот се врши на подрачјето на општината или градоначалникот на градот Скопје ако превозот се врши на подрачјето на градот Скопје или Министерството за транспорт и врски ако превозот се врши на подрачјето на две или повеќе општини или меѓу одредена општина и градот Скопје.

**Член 45**

Превозникот и нарачувачот на посебен линиски превоз склучуваат договор за превоз за период во кој ќе се врши превозот и за патниците кои ќе го користат овој превоз.

Патниците кои се превезуваат при овој вид на превоз мораат кај себе да имаат доказ за идентификација издаден од нарачувачот на превозот.

## 2. СЛОБОДЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

### Член 46

Слободниот превоз на патници може да се врши во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.

Слободниот превоз на патници во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај е превоз на однапред организирана група на патници, без попатно качување и слегување на патници, за кои релацијата, цената на превозот и другите услови се утврдуваат со договор меѓу превозникот и нарачателот на превозот.

Превозот од ставот 1 на овој член може да се врши како повремен и наизменичен.

### Член 47

Повремениот превоз може да се врши како :

- "кружно возење" - систем затворени врати (екскурзии, туристички патувања и слично) кое почнува и завршува во местото на поаѓање, при што истата група на патници се превезува со истото возило на целиот пат,
- превоз на патници со полно возило во заминување и празно возило во враќање и
- превоз на патници со празно возило во заминување и полно возило при враќање.

### Член 48

Наизменичен превоз е превоз на претходно организирани групи патници за повеќе патувања од исто место на поаѓање до исто место на пристигнување.

Секоја група на патници која го извршила патувањето во заминување се враќа во местото на тргнување со некое подоцнежно возење во ист состав според термините од циклусот на патувањето согласно со програмата. Првото возење при враќање и последното возење во заминување се извршуваат со празно возило.

### Член 49

При вршењето на слободен превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај во автобусот мора да се наоѓа договор склучен меѓу превозникот и нарачувачот на услугата и список на патниците потпишан и заверен од превозникот.

При вршењето на слободен превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај, превозникот мора да има договор склучен меѓу превозникот и нарачувачот на услугата и правилно и точно пополнет патен лист на пропишан образец, потпишан и заверен од превозникот и заверен од надлежните царински служби на Република Македонија (во натамошниот текст: Царинска управа).

Царинската управа е должна за извршените слободни превози на патници до Министерството за транспорт и врски да доставува копии од патните листи еднаш месечно и тоа најдоцна до 15 во месецот за изминатиот месец.

Образецот на патниот лист од ставот 2 на овој член и начинот на неговото пополнување го пропишува министерот за транспорт и врски, доколку со меѓународна спогодба поинаку не е предвидено.

**Член 50**

Слободниот превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај од членот 47 на овој закон, може да се врши без дозвола, а превозот од членот 48 на овој закон се врши со дозвола, ако со меѓународен договор или спогодба поинаку не е определено.
Дозволата од ставот 1 на овој член на барање на превозникот ја издава Министерството за транспорт и врски.
Образецот на дозволата од ставот 1 на овој член го пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член 51**

Ако меѓународниот слободен превоз на патници се извршува со дозвола во возилото мора да ја има и дозволата во оригинал.

**2.1. Авто- такси превоз на патници**

**Член 52**

Авто- такси превоз на патници можат да вршат правни и физички лица ако добијат лиценца за вршење на овој вид превоз.

**Член 53**

Покрај условите за вршење на авто- такси превоз на патници пропишани со одредбите на овој закон, авто- такси превозниците мораат да ги исполнуваат и условите пропишани од страна на советот на општината или на Советот на градот Скопје.

**Член 54**

Со актот на советот на општината или на советот на градот Скопје особено се утврдуваат условите во врска со :
- локацијата и капацитетите на такси станиците,
- обележувањето и опремувањето на такси станиците,
- бојата на возилата и
- тарифата и начинот на користење на такси станиците.

**Член 55**

При вршење на авто- такси превоз, во возилото мора да има вградено исправен, пломбиран и баждарен таксиметар.
При вршењето на превозот задолжително мора да биде вклучен таксиметарот и цената на превозот да се наплатува врз основа на износот утврден во таксиметарот.
На покривот на возилото и на бочните страни со кое се врши авто-такси превоз на патници мора да биде истакнат називот "TAXI", а на бочните страни покрај називот такси и бројот од регистарот на такси превозниците.

## 3. АВТОБУСКИ СТАНИЦИ

### Член 56

Автобуската станица е должна да врши прием и испраќање на автобуси во време предвидено со возниот ред на патници и багаж, продажба на билети, преземање и чување на багаж, да дава информации на патниците и превозниците и да врши други услуги во врска со превозот на патници.

### Член 57

Автобуската станица мора да дава услуги под еднакви услови на сите превозници кои вршат линиски превоз на патници, по цена утврдена за определена категорија на автобуската станица.

Категоризацијата на автобуските станици, нивната опременост и висината на надоместокот за користење ги пропишува министерот за транспорт и врски.

### Член 58

Автобуската станица може да прифаќа и отпремува и автобуси со кои се врши слободен превоз на патници во согласност со расположливиот број посебни перони за оваа намена што мораат да бидат посебно обележани.

### Член 59

Работното време на автобуската станица мора да биде усогласено со времето на поаѓање и доаѓање на автобусите и тоа најмалку 15 минути пред поаѓањето и 15 минути по доаѓањето на автобусот на последната линија.

### Член 60

Автобуската станица е должна да води дневник за доаѓањето и поаѓањето на автобусите.

Автобуската станица е должна еднаш неделно да го извести Министерството за транспорт и врски за неизвршување на превозот на определена линија.

Возачот на автобусот е должен да го пријави времето на секое доаѓање и поаѓање на автобусот на автобуската станица, при што во патниот налог автобуската станица го потврдува времето на поаѓање и доаѓање на возилото.

Формата, содржината и начинот на водење на дневникот од ставот 1 на овој член го пропишува министерот за транспорт и врски.

### Член 61

Превозникот мора да ја извести најблиската автобуска станица ако за време на превозот дојде до пречки поради кои се предвидува доцнење подолго од 60 минути.

Автобуската станица која ќе го прими таквото известување е должна за тоа веднаш да ја извести наредната автобуска станица на линијата.

## V. ПРЕВОЗ НА СТОКИ

### Член 62

Превозот на стоки може да се врши како внатрешен и меѓународен превоз на стоки во патниот сообраќај.

### Член 63

Превоз на стоки во внатрешниот сообраќај може да се врши како јавен превоз на стоки и како превоз на стоки за сопствени потреби.

### Член 64

Јавен превоз на стоки во патниот сообраќај е превоз за кој релацијата, цената на превозот и други услови на превозот се определуваат со договор меѓу превозникот и нарачувачот на превозот.
Превозникот може да започне со вршење на превозот откако ќе добие лиценца.
Превозникот е должен лиценцата секогаш да ја носи во возилото.
При вршење на внатрешен превоз на стока покрај лиценцата превозникот е должен во возилото да има и патен налог и товарен лист.

### Член 65

Меѓународниот превоз на стоки во патниот сообраќај може да се врши како билатерален, транзитен и превоз за и од трети земји.

### Член 66

Домашен превозник може да врши меѓународен превоз на стоки ако претходно има добиено лиценца за меѓународен превоз на стоки.
Покрај лиценцата превозникот мора да има и меѓународен товарен лист и дозвола за меѓународен превоз на стока доколку таа се бара согласно со меѓународната спогодба за патен сообраќај склучена меѓу Република Македонија и земјата до, од или преку чија територија се извршува превозот.
Меѓународниот превоз на стоки може да се врши и врз основа на годишна дозвола од мултилатералната квота на дозволи од Европската конференција на министрите за транспорт (ЦЕМТ дозвола).

### Член 67

Министерството за транспорт и врски ги добива дозволите за меѓународен превоз на стоки од надлежниот орган на другата земја врз основа на склучена меѓународна спогодба.
Годишните мултилатерални дозволи (ЦЕМТ) Министерството за транспорт и врски ги добива од Секретаријатот на Европската конференција на министрите за транспорт.

### Член 68

Распределбата на дозволите од членот 67 на овој закон ја врши Министерството за транспорт и врски.

Постапката, критериумите и начинот на распределба на дозволите ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член 69**

Дозвола за меѓународен превоз на стока може да добие превозник кој има лиценца за вршење на меѓународен превоз на стоки и кој ги исполнува критериумите пропишани со актот од членот 68 став 2 на овој закон.
Барањето за добивање на дозвола од ставот 1 на овој член се поднесува до Министерството за транспорт и врски.

**Член 70**

Странски превозник регистриран во земјата со која Република Македонија има склучено спогодба за меѓународен превоз на стоки во патниот сообраќај врши меѓународен превоз на стоки во Република Македонија врз основа на дозвола за превоз на стоки издадена од Министерството за транспорт и врски, ако со меѓународната спогодба не е предвидено превозот да се врши без дозвола.
Министерството за транспорт и врски, дозволите за меѓународен превоз на стока му ги предава на надлежниот орган на земјата во која странскиот превозник е регистриран.
Меѓународен превоз на стоки со странско моторно возило и приклучно возило (група возила) се врши врз основа на една дозвола.
Ако странското моторно возило и приклучното возило, во група возила, имаат регистарски ознаки на различни земји потребна е дозвола само за моторното возило.
Дозволата за меѓународен превоз на стоки мора да се наоѓа во странското возило за цело време додека се наоѓа на територијата на Република Македонија, а контролата ја вршат царинската управа, инспекторите за патен сообраќај и полицијата.
Странскиот превозник е должен меѓународниот превоз на стоки да го врши согласно со издадената дозвола за меѓународен превоз и условите пропишани од Секретаријатот на Европската конференција на министрите за транспорт за користење на ЦЕМТ дозволите.
Формата и содржината на дозволите за меѓународен превоз на стока ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член 71**

Ако странскиот превозник е од земја со која Република Македонија не склучила спогодба за меѓународен превоз на стоки, царинската управа на граничниот премин каде што се врши царинскиот надзор, на превозникот ќе му издаде посебна дозвола по претходно добиена согласност од Министерството за транспорт и врски со наплата на административна такса.
За издадените дозволи од ставот 1 на овој член царинскиот орган доставува извештај до Министерството за транспорт и врски до 15 во месецот за изминатиот месец.

**Член 72**

Ако царинската управа утврди дека странскиот превозник при влез или излез од Република Македонија не поседува дозвола за меѓународен превоз на стоки, ќе го забрани влегувањето, односно излегувањето на возилото од територијата на Република Македонија и за тоа ќе го извести Министерството за транспорт и врски.

Министерството за транспорт и врски може да го одобри движењето на возилото со издавање на посебна дозвола за која се плаќа такса согласно со прописите за административни такси.

Дозволата од ставот 2 на овој член по добиена согласност од Министерството за транспорт и врски ја издава царинскиот орган на граничниот премин.

**Член 73**

По исклучок на одредбите од членот 66 на овој закон, дозвола не е потребна за:

1) превоз на стоки од јавен аеродром и до јавен аеродром ако дојде до хаварија или друга несреќа на авион или ако авионот треба да слета поради изменетиот правец на принудно летање или ако се откажани авионските линии;

2)превоз на оштетено моторно возило и на негова приколка;

3) превоз на посмртни останки;

4) превоз на предмети при селење со соодветни специјални возила;

5)превоз на поштенски пратки;

6)превоз на експонати наменети за саеми и изложби;

7)превоз на помагала и други потреби за театарски, музички и други културни приредби, циркуски претстави или за филмски, радио и ТВ снимања;

8) превоз на мртви животни, освен ако станува збор за индустриска преработка;

9) превоз на пчели и на подмладок на риби;

10) превоз на медицински и друг материјал, како помош во случај на природни несреќи и превоз на стоки за хуманитарни цели;

11) празни возила со кои се заменуваат расипани возила и кои за превоз ги преземаат стоките од расипаните возила во Република Македонија или трета земја;

12) возила за техничка помош за поправка на расипани возила (сервисно- ремонтни возила);

13) превоз на товари исклучиво во пропагандни цели или за настава и

14) возила со максимална носивост до 3.500 кг, вклучувајќи ја и носивоста на приклучните возила или вкупна маса до 6.000 кг, вклучувајќи ја и масата на приклучните возила.

За превозите од ставот 1 на овој член возачот во возилото треба да има документи и други исправи од кои може да се види дека станува збор за еден од наведените превози.

**Член 74**

Странски превозник може да изврши внатрешен превоз на стоки меѓу одделни места во Република Македонија (каботажа) само ако за таков превоз добие посебна дозвола. Странскиот превозник барањето за дозвола го поднесува кај органот надлежен за транспорт во земјата во која има седиште, а истиот го доставува до Министерството за транспорт и врски во Република Македонија.

Дозволата од ставот 1 на овој член може да се издаде ако поради недостиг на соодветни транспортни капацитети во земјата е неопходно превозот да го изврши странски превозник.

Дозволата од ставот 1 на овој член ја издава министерот за транспорт и врски.

**Член 75**

Домашен и странски превозник со возило на јавен пат кое празно или заедно со товарот ги надминува пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната маса, осното оптоварување, може да врши превоз само врз основа на дозвола за вонреден превоз.

Дозволата за вонреден превоз на барање на домашниот и странски превозник ја издава јавното претпријатие за одржување и заштита на јавните патишта по прибавено мислење од Министерството за внатрешни работи.

Во дозволата за вонреден превоз се определуваат начинот и условите за извршување на превозот и рокот на важење на дозволата.

Постапката за издавање на дозволата е итна.

Дозволата за вонреден превоз мора да се наоѓа во возилото.

**Член 76**

На моторно возило кое врши меѓународен превоз и кое празно или заедно со товарот ги надминува пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната маса, осното оптоварување нема да му се дозволи влез, односно излез во и од Република Македонија доколку не поседува дозвола за вонреден превоз.

## VI. ПРЕВОЗ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ

**Член 77**

Превоз за сопствени потреби на патници и стока во патниот сообраќај е превоз што го вршат правни и физички лица заради задоволување на производните или услужните потреби во рамките на својата дејност.

Како превоз на стоки за сопствени потреби што го вршат превозници се смета превозот при кој се превезуваат исклучиво стоки кои се во врска со вршење на нивната основна дејност, при што стоките што се превезуваат се во нивна сопственост или се од нив произведени и продадени дадени во обработка или доработка, поправка или од нив се дадени на складирање и слично.

При извршувањето на превозот на стоки за сопствени потреби сопственикот на возилото воедно е и сопственик на стоките кои се превезуваат, а возачот е вработен кај него.
Правните и физичките лица превозот од ставот 1 на овој член мораат да го вршат со возила кои ги исполнуваат условите пропишани со прописот од членот 5 став 2 на овој закон.

**Член 78**

При извршувањето на превозот на патници за сопствени потреби, патниците кои се превезуваат мораат да имаат доказ за идентификација издаден од оној кој го извршува превозот за сопствени потреби, односно доказ за уплата на туристичка услуга во која е пресметана и цената на превозот, кога превозот се извршува заради услужни потреби во рамките на дејноста.
При извршувањето на меѓународниот превоз на патници за сопствени потреби, освен доказот за идентификација или доказот за уплата на туристичките услуги во возилото мора да се наоѓа патен лист од членот 49 став 2 на овој закон.

**Член 79**

При извршувањето на превозот на стоки за сопствени потреби во меѓународниот патен сообраќај во возилото мора да се наоѓа:
- товарен лист и
- доказ од кој може да се утврди дека се работи за превоз од членот 77 став 2 на овој закон.

## VII. НАДОМЕСТОК ЗА ПАТИШТА

**Член 80**

Домашните и странските возила за користење на патишта во Република Македонија плаќаат надоместок согласно со Законот за јавни патишта.
За домашните возила надоместокот се наплаќа при регистрација на возилата, додека на странските возила им се наплаќа при влез во Република Македонија.

## VIII. ОВЛАСТУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

**Член 81**

Царинската управа, на граничниот премин, односно на друго место каде што се врши царински надзор проверува дали домашниот и странскиот превозник имаат дозвола и други исправи или документи, пропишани со овој закон, други прописи и меѓународни договори и дали превозникот го врши превозот во согласност со тие документи.
Ако царинската управа утврди дека странски или домашен превозник нема во возилото дозвола и другите потребни исправи или истите не ги користи на пропишан начин, ќе забрани влез на возилото во Република

Македонија, односно излез од неа и за тоа ќе го извести Министерството за транспорт и врски.
Министерството за транспорт и врски може да го одобри движењето на возилото со посебна дозвола.

## IX. ОДЗЕМАЊЕ И СТАВАЊЕ ВОН СИЛА НА ДОЗВОЛАТА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА ПРИСТАП НА ПАТИШТАТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### Член 82

Министерот за транспорт и врски може да донесе решение за одземање и ставање вон сила на дозволите од членот 25 став 1, членот 36 став 2 и членот 66 ставови 2 и 3 на овој закон, ако превозот не се врши во согласност со издадената дозвола.
Дозволата за превоз од членот 36 став 2 и членот 66 ставови 2 и 3 на овој закон издадена на странски превозник може да се одземе и стави вон сила и во случај ако надлежниот орган во државата во која превозникот е регистриран одбие да издаде соодветна дозвола за македонскиот превозник.
Со решението од ставот 1 на овој член дозволата може да се одземе и стави вон сила во траење од еден до 12 месеца, додека со решението од ставот 2 на овој член дозволата може да се одземе и трајно.
Со решението на министерот за транспорт и врски со кое се одзема дозволата и се става вон сила на превозникот му се одземаат сите примероци на дозволи за предметната линија.

### Член 83

Министерот за транспорт и врски со решение привремено ќе забрани пристап на патиштата на територијата на Република Македонија на странски превозник во случај на тешки или повторно сторени прекршоци врз основа на овој закон.
Привремената забрана од ставот 1 на овој член може да се изрече во траење од еден до 12 месеца.

### Член 84

Решението од членовите 82 и 83 на овој закон, ако се работи за меѓународен превоз го спроведува Царинската управа на Република Македонија на граничните премини.

### Член 85

Против решението од членовите 82 и 83 на овој закон може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисијата на Владата на Република Македонија за решавање на управни работи во втор степен од областа на сообраќајот.
Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

## X. НАДЗОР

**Член 86**

Надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Министерството за транспорт и врски.

**Член 87**

Инспекцискиот надзор над примената на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон што се однесуваат на меѓуопштинскиот, посебниот линиски превоз на патници меѓу две и повеќе општини и меѓународниот превоз на патници и превозот на стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај го врши Државниот инспекторат за транспорт, преку државни инспектори за патен сообраќај.

Инспекцискиот надзор над примената на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон што се однесуваат на општинскиот превоз на патници, авто- такси превозот на патници и посебниот линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на општината го вршат овластени инспектори за патен сообраќај на општината.

Инспекцискиот надзор над примената на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон што се однесуваат на општинскиот превоз на патници, авто- такси превозот на патници и посебниот линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на градот Скопје го вршат овластени инспектори за патен сообраќај на градот Скопје.

За државен инспектор, за овластен инспектор за патен сообраќај за општината и за овластен инспектор за патен сообраќај за градот Скопје може да се назначи дипломиран сообраќаен инженер, со најмалку две години работно искуство во струката.

**Член 88**

Државните инспектори за патен сообраќај вршат надзор на:

- превозот на патници во меѓуопштинскиот патен сообраќај,
- превозот на стоки во внатрешниот патен сообраќај,
- превозот на патници и стоки во меѓународниот патен сообраќај,
- посебниот линиски превоз на патници што се врши меѓу две и повеќе општини и
- автобуските станици и постојки.

Овластениот инспектор на општината или овластените инспектори на градот Скопје за патен сообраќај вршат надзор на:

- општинскиот линиски превоз на патници,
- авто- такси превозот на патници,
- посебниот линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на општината или на подрачјето на градот Скопје,
- такси станиците,
- автобуските терминали и автобуските свртувалишта и
- паркинг просторите за товарни моторни возила и автобуси.

Доколку општината или градот Скопје не го обезбеди вршењето на инспекцискиот надзор од ставот 2 на овој член, истиот ќе го вршат државните инспектори за патен сообраќај на сметка на општината или на градот Скопје.

**Член 89**

Државниот инспектор за патен сообраќај има право да донесе решение за:
- исклучување на возило од сообраќај со одземање на регистарски таблици и сообраќајна дозвола, доколку превозникот не располага со лиценца за вршење на соодветен вид на превоз,
- исклучување на возило од сообраќај, со одземање на регистарските таблици и сообраќајната дозвола, доколку превозникот врши линиски превоз на патници без соодветна дозвола или без регистриран возен ред,
- привремено одземање на дозвола на домашниот превозник ако не се придржува на одобрениот и регистриран возен ред при вршење на меѓуопштинскиот превоз на патници, со предлог за бришење на возниот ред од евиденцијата,
- привремено одземање на дозвола на домашен или странски превозник за вршење на меѓународен линиски превоз на патници ако не се придржува на одобрениот и регистриран возен ред и итинерарот,
- одземање на дозвола на превозник, за посебен линиски превоз на патници што се врши меѓу две општини, доколку патниците што се превезуваат не располагаат со доказ за идентификација од нарачувачот на превозот,
- забрана на натамошно движење на странско возило на територијата на Република Македонија со упатување на возилото до еден од граничните премини, заради напуштање на земјата, ако во возилото не се наоѓа пропишана документација за соодветниот вид на превоз предвидена со овој закон и меѓународен договор,
- одземање на дозволата на домашен и странски превозник за вршење на меѓународен превоз на стока, доколку превозникот не се придржува на условите од истата и условите пропишани од Секретаријатот на Европската конференција на министрите за транспорт ако превозот се врши со ЦЕМТ дозволи,
- отстранување на недостатоците во определен рок во поглед на исполнувањето на пропишаните услови за вршење превоз во патниот сообраќај, условите за работа на автобуските станици и придржување на возниот
ред и
- времена забрана за употреба на автобуските станици и автобуските стојалишта ако во определен рок не се отстранат недостатоците што ги утврдил инспекторот за патен сообраќај.

Под одземање на дозвола за линиски превоз на патници, се подразбира одземање на сите примероци на дозволи со кои располага превозникот за одржување на конкретната линија за која е сторен прекршокот.

Привременото одземање на дозволата од ставот 1 алинеи 3 и 4 на овој член изнесува 30 дена, а доколку во рок од една година превозникот го повтори прекршокот инспекторот ќе поднесе предлог за одземање на дозволата до Министерството за транспорт и врски.

За привременото одземање на дозволата од ставот 1 алинеја 4 на овој член се известува Царинската управа на Република Македонија на граничниот премин.
Одземената сообраќајна дозвола и регистарски таблици од ставот 1 алинеи 1 и 2 на овој член се предаваат во Министерството за внатрешни работи.
За одземената сообраќајна дозвола и регистарски таблици на превозникот му се издава потврда.
Исклучувањето на возилото од сообраќај со одземање на регистарските таблици и сообраќајната дозвола од ставот 1 алинеи 1 и 2 на овој член трае 30 дена.
Времената забрана од ставот 1 алинеја 8 на овој член, може да се изрече во траење од десет дена до 30 дена.

**Член 90**

Овластениот инспектор за патен сообраќај на општината или овластениот инспектор за патен сообраќај на градот Скопје има право да донесе решение за:
- исклучување на возило од сообраќај со одземање на регистарските таблици и сообраќајната дозвола, доколку превозникот врши општински линиски превоз на патници и авто- такси превоз на патници без лиценца,
- исклучување на возило од сообраќај со одземање на регистарските таблици и сообраќајната дозвола доколку превозникот врши општински линиски превоз на патници без лиценца, дозвола и регистриран возен ред,
- исклучување на авто- такси возило од сообраќај со одземање на регистарски таблици и сообраќајна дозвола, доколку превозот се врши без соодветна лиценца, доколку нема вграден исправен, пломбиран и баждарен таксиметар или доколку истиот не е вклучен,
- одземање на дозвола на превозник за посебен линиски превоз на патници што се врши на подрачјето на општината, доколку патниците што се превезуваат немаат доказ за идентификација од нарачувачот на превозот,
- отстранување на недостатоците во определен рок во поглед на исполнувањето на пропишаните услови за вршење на општински линиски превоз на патници и придржување на возниот ред и авто- такси превоз на патници и
- времена забрана за употреба на автобуските терминали и свртувалишта и такси станиците ако во определениот рок не се отстранат недостатоците што ги утврдил инспекторот.

Одземената сообраќајна дозвола и регистарските таблици од ставот 1 алинеи 1, 2 и 3 на овој член се предаваат во Министерството за внатрешни работи.
За одземената сообраќајна дозвола и регистарски таблици на превозникот му се издава потврда.
Исклучувањето на возилото од сообраќај со одземање на сообраќајната дозвола и регистарските таблици трае 30 дена.
Времената забрана од ставот 1 алинеја 6 на овој член може да се изрече во траење од десет дена до 30 дена.

**Член 91**

Ако при вршење на надзорот државниот инспектор, овластениот инспектор на општината или на градот Скопје за патен сообраќај дојдат до сознание дека постои основа на сомневање дека е извршен прекршок со кој е сторена повреда на овој закон или друг пропис, должни се без одлагање да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка.

**Член 92**

Против решението на државниот инспектор за патен сообраќај може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

Против решението на овластениот инспектор на општината или на овластениот инспектор на градот Скопје за патен сообраќај, може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Член 93**

Превозниците, имателите на моторни возила, правното лице кое управува со автобуската станица и корисниците на превозот се должни на инспекторите од членот 87 на овој закон да им овозможат вршење на инспекцискиот надзор, да им ги даваат потребните известувања и да им ја стават на увид потребната документација.

**Член 94**

Инспекторите од членот 87 на овој закон имаат легитимација што ја издава органот што ги назначува.

Формата и содржината на образецот на легитимацијата од ставот 1 на овој член и начинот на нејзиното издавање и одземање ги пропишува министерот за транспорт и врски.

**Член 95**

Министерството за транспорт и врски врши надзор над законитоста на работата на органите на општината и на органите на градот Скопје.

При вршењето на надзорот од ставот 1 на овој член Министерството за транспорт и врски ги врши следниве работи:

- оценува дали органите на општината го организираат превозот на подрачјето на општината, согласно со постапките утврдени со закон,
- укажува на определени материјални и процедурални недостатоци во работата на органите на општината кои би можеле да го оневозможат вршењето на превозот во патниот сообраќај,
- им дава препораки на органите на општината на нивно барање за доследно спроведување на работите кои треба да ги вршат согласно со овој закон,
- ја следи законитоста на решенијата што ги донесува градоначалникот во решавање на поединечни права, обврски и интереси на правни и физички лица, донесени врз основа на овој закон, и во случај кога ќе утврди дека се донесени спротивно на овој закон, презема мерки по право на надзор

согласно со правилата на општата управна постапка,
- дава мислење и стручна помош по предлогот на прописите од областа на патниот сообраќај на барање на општината и
- навремено ги известува органите на општината за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршењето на надзорот.

## XI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Член 96

Со парична казна од 20.000 до 200.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице, ако:
1) врши јавен превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај без лиценца(член 4 став 1);
2) врши линиски превоз на патници во меѓуопштинскиот и меѓународниот патен сообраќај без дозвола (член 25 став 2 и член 36 став 2);
3) врши каботажа во меѓународниот линиски превоз на патници (член 39);
4) врши превоз на патници во транзит преку територијата на Република Македонија без дозвола односно спротивно на издадената дозвола (член 40);
5) врши наизменичен превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај без дозвола доколку со меѓународен договор е предвидено тој превоз да се врши со дозвола (член 50 став 1);
6) врши меѓународен превоз на стока без дозвола (член 66 став 2) и
7) странски превозник врши превоз на стока во внатрешниот патен сообраќај без дозвола (член 74 став 1).
За прекршокот од ставот 1 точка 1 на овој член покрај паричната казна на правното лице ќе му се изрече и мерка на безбедност одземање на имотната корист стекната со прекршокот.
За ист прекршок од ставот 1 на овој член направен по втор пат, на правното лице кое врши дејност согласно со одредбите од овој закон, покрај паричната казна, ќе му се изрече и мерка на безбедност забрана на вршење на дејност во траење од шест месеца до една година.
За прекршокот од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со парична казна од 5.000 до 50.000 денари и ќе му се изрече мерка на безбедност забрана на вршење на одговорни работи во рок од три месеца до една година.

### Член 97

Со парична казна од 15.000 до 150.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице, ако:
1) врши превоз во патниот сообраќај со моторни возила што не ги исполнуваат условите утврдени со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата и пропишаните посебни техничко експлоатациони услови (член 5 став 1);
2) започне да врши превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај пред да добие лиценца (член 11 став 1);
3) при вршењето на општински линиски превоз на патници во возилото нема лиценца и регистриран возен ред во оригинал или заверен препис

(член 20 став 1);
4) превозникот не се придржува на возниот ред и редовно не ја одржува линијата (член 20 став 2);
5) превозот не го извршува во согласност со издадената дозвола и заверениот возен ред (член 26 став 4);
6) го измени возниот ред и правецот на движење (итинерарот) пред истекот на важноста на дозволата (член 28 став 1);
7) без оправдани причини и без одобрение на надлежен орган го запре превозот на одредена линија (член 32 став 1);
8) возните билети не ги издава согласно со членот 33 од овој закон;
9) врши посебен линиски превоз од членот 43 на овој закон без дозвола издадена од надлежен орган (член 44);
10) врши линиски превоз на патници во меѓународниот патен сообраќај спротивно на возниот ред, итинерарот и ценовникот (член 38 став 1);
11) во возилото со кое се врши превозот не се наоѓа оригинал или заверен препис од дозволата, возниот ред, итинерарот и ценовникот (член38 став 2);
12) при вршењето на слободен превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај во автобусот не се наоѓа договор склучен меѓу превозникот и корисникот на услугата и список на патниците што се превезуваат заверен од превозникот (член 49 став 1);
13) при извршувањето на меѓународен слободен превоз на патници во возилото не се наоѓа патен лист и договор склучен меѓу превозникот и нарачувачот на услугата (член 49 став 2 );
14) во возилото нема дозвола доколку е предвидено превозот да се врши со дозвола;
15) не дава услуги под еднакви услови на сите превозници кои вршат линиски превоз на патници (член 57 став 1);
16) во возилото нема лиценца, патен налог и товарен лист (член 64) и
17) во возилото нема товарен лист и дозвола доколку таа се бара (член 66 став 2).

За прекршок од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со парична казна од 3.000 до 30.000 денари.

**Член 98**

Со парична казна од 10.000 до 100.000 денари ќе се казни за прекршок правно лице, ако:
1) при извршување на превозот на патници и стока во внатрешниот патен сообраќај во возилото нема патен налог (член 6 став 1);
2) не води евиденција за издадените патни налози и истите не ги чува најмалку една година (член 6 став 3);
3) при вршење на превозот во возилото не се наоѓа дозволата и заверен возен ред(член 26 став 5);
4) не го пријави привремено запирање на превозот до органот што ја издал дозволата (член 29 став 2);
5) кај надлежниот орган што ја издал дозволата не поднесе барање за привремен прекин или трајно запирање на превозот (член 30 став 1);
6) привремениот прекин или трајното запирање на превозот и измената на

возниот ред на определена линија не го објави во средствата за јавно информирање и во автобуската станица (член 31);
7) врши качување и слегување на патници, односно товарање и истоварање на багаж, на автобуски станици и стојалишта што не се внесени во дозволата и возниот ред за линијата (член 34);
8) не застанува на автобуска станица, односно автобуско стојалиште наведени во дозволата и возниот ред за линијата (член 35);
9) до Министерството за транспорт и врски не доставува податоци за бројот на извршените превози и превезените патници во едната и другата насока најдоцна во рок од 15 дена од денот на истекот на тримесечјето за кое се поднесува извештајот (член 41 став 3);
10) врши авто- такси превоз на патници без лиценца (член 52);
11) при вршење на авто- такси превозот во возилото нема вградено исправен, пломбиран и баждарен таксиметар (член 54 став 1);
12) при вршење на превозот не е вклучен таксиметарот и цената на превозот не се наплатува врз основа на износот утврден во таксиметарот (член 54 став 2);
13) на покривот на возилото со кое се врши авто такси превозот не е истакнато називот "TAXI" (член 54 став 3);
14) автобуската станица не го усогласила работното време согласно со членот 59 од овој закон;
15) автобуската станица не води дневник за доаѓањето и поаѓањето на автобусите и во патниот налог не го потврдува времето на доаѓање и поаѓање на автобусите (член 60 ставови 1 и 3);
16) автобуската станица не го извести Министерството за транспорт и врски за неизвршување на превозот на определена линија (член 60 став 2);
17) доколку превозникот во возилото кое ги надминува пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната маса, осното оптоварување нема дозвола за вонреден превоз (член 75);
18) врши превоз за сопствени потреби спротивно на условите од членот 77 на овој закон;
19) при извршувањето на меѓународниот превоз на стоки за сопствени потреби во возилото нема товарен лист (член 79);
20) не постапи по решението на инспекторот (членови 89 и 90) и
21) на инспекторот за патен сообраќај не му овозможи вршење на инспекциски надзор, не му дава потребни известувања и не му ја стави на увид потребната документација (член 93).
За прекршок од ставот 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со парична казна од 2.000 до 20.000 денари.

**Член 99**

Со парична казна од 5.000 до 40.000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице, ако:
1) врши јавен превоз без лиценца (член 4 став 1);
2) врши превоз во патниот сообраќај со возила што не ги исполнуваат условите утврдени со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата и пропишаните посебни техничко- експлоатациони услови (член 5 став 1);

3) врши општински превоз на патници без лиценца (член 18);
4) во возилото со кое се врши општински превоз на патници нема лиценца, дозвола и регистриран возен ред во оригинал или заверен препис (член 20 став 1);
5) врши качување и слегување на патници во линискиот општински превоз на автобуски стојалишта спротивно на регистрираниот возен ред (член 21 став 1);
6) врши меѓуопштински превоз на патници без дозвола (член 25 став 1);
7) врши меѓуопштински линиски превоз на патници спротивно на издадената дозвола и заверениот возен ред (член 26 став 4);
8) за време на вршење на превозот во возилото нема дозвола и возен ред (член 26 став 5);
9) не го пријави привременото запирање на превозот до органот што ја издал дозволата (член 29 став 2);
10) кај надлежниот орган што ја издал дозволата не поднесе барање за привремен прекин или трајно запирање на превозот (член 30 став 1);
11) привремениот прекин или трајното запирање на превозот и измената на возниот ред на определена линија не го објави во средствата за јавно информирање и во автобуската станица (член 31);
12) врши качување и слегување на патници, односно товарање и истоварање на багаж, на автобуски станици и стојалишта што не се внесени во дозволата и возниот ред за линијата (член 34);
13) не застанува на автобуска станица, односно автобуско стојалиште наведени во дозволата и возниот ред за линијата (член 35);
14) врши посебен линиски превоз без дозвола (член 44);
15) врши слободен превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај спротивно на членот 49 став 1 од овој закон;
16) врши авто- такси превоз на патници без лиценца (член 52);
17) во возилото со кое се врши авто- такси превоз, нема на видно место вграден, исправен пломбиран и баждарен таксиметар (член 54 став 1);
18) при вршење на превозот не е вклучен таксиметарот и цената на превозот не се наплатува врз основа на износот утврден во таксиметарот (член 54 став 2);
19) на покривот на возилото и на бочните страни со кое се врши авто-такси превозот не е истакнато називот "TAXI" (член 54 став 3);
20) возачот на автобусот не го пријави времето на секое доаѓање и поаѓање на автобусот на автобуската станица (член 60 став 3);
21) возилото со кое врши превоз за сопствени потреби не ги исполнува условите пропишани со прописот од членот 5 став 2 на овој закон (член 77 став 4);
22) во возилото нема товарен лист и доказ од кој може да се утврди дека се врши превоз за сопствени потреби (член 79);
23) не постапи по решението на инспекторот (членови 89 и 90) и
24) на инспекторот за патен сообраќај не му овозможи вршење на инспекциски надзор, не му дава потребни известувања и не му ја стави на увид потребната документација (член 93).

За прекршокот од ставот 1 точки 1, 3, 4, 7 и 8 на овој член покрај паричната казна на сторителот може да му се изрече и мерка на безбедност забрана за вршење на јавен превоз во траење од три месеца до една година.

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 100

Правните и физичките лица што вршат јавен превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај се должни во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон да поднесат барање за добивање на лиценца.
Доколку лицата во рокот од ставот 1 на овој член не поднесат барање за добивање на лиценца, надлежниот орган ќе донесе решение за престанок на дејноста.
Лиценците што се издадени пред влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да важат до истекот на рокот за кој се издадени.

### Член 101

Линискиот превоз на патници во внатрешниот патен сообраќај ќе се врши согласно со постојните регистрирани возни редови, најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Дозволите за вршење на меѓународен линиски превоз на патници и дозволите за превоз на стока издадени пред влегувањето во сила на овој закон ќе важат до истекот на времето за кое се издадени.

### Член 102

Поблиските прописи според овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.
До влегувањето во сила на прописите од ставот 1 на овој член ќе се применуваат прописите што важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 103

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" број 63/95 и 29/98).

### Член 104

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".